# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 30.09-06.10.2024

Тестирани се вкупно 255 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 25,2% во однос на минатата недела (n=341).

Регистрирани се 20 нови позитивни случаи, со намалување од 55,6% во однос на минатата недела (n=45). Процентот на позитивност се движи од 0,0% до 15,9%, просечно 6,4%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 30.09-06.10.2024*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| **30.9.2024** | 44 | 7 | 15,9% |
| **01.10.2024** | 59 | 2 | 3,4% |
| **02.10.2024** | 41 | 6 | 14,6% |
| **03.10.2024** | 49 | 4 | 8,2% |
| **04.10.2024** | 34 | 1 | 2,9% |
| **05.10.2024** | 15 | 0 | 0,0% |
| **06.10.2024** | 13 | 0 | 0,0% |
| ***Вкупно*** | ***255*** | ***20*** | ***просек 6,4%*** |

Во тековната недела, регистрирани се заболени лица во општините од 5 градови. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=14; 70,0%), а највисока инциденца е регистрирана во Неготино (5,5/100.000). (*Табела 2*).

Регистрирани се заболени лица во возрасни групи над 30 години и од 0-9 години, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=14; 70,0%).

Во текот на минатата недела (30.09-06.10.2024) со статус „оздравени“ се стекнале 45 лица.

Во текот на минатата недела (30.09-06.10.2024), пријавено е едно починато лице асоцирано со КОВИД-19, од Скопје, од возрасната група над 60 години. Лицето е невакцинирано, без регистрирани коморбидитети, починато во болнички услови.

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2024 година

Во текот на 2024 година, а заклучно со 06.10.2024, регистрирани се вкупно 1.689 заболени лица. Во месец септември 2024 (n=288) се регистрира намалување од 65,3% во споредба на претходниот месец (n=829).

Во текот на 2024 година, а заклучно со 06.10.2024, тестирани се вкупно 11.345 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

### Проценка на ризик

По период на многу слаба активност, се детектира зголемена активност на SARS-CoV-2 во рамките на европскиот континент, вклучително и во Р.С. Македонија.

Лицата на возраст од 60 години се со најголем ризик од тешка болест.

Хоспитализациите на лица со потврден КОВИД-19, приемите во интензивна нега и смртните случаи остануваат на ниско ниво во земјите на ЕУ/ЕЕА. Овие податоци во Р.С. Македонија не се достапни.

Иако бројот на заболени од КОВИД19 на неделно ниво се намалува, со оглед на тоа дека почнува периодот на зголемена циркулација на респираторни вируси во северната хемисфера, постои ризик активноста на SARS-CoV-2 да се зголемува, што ја нагласува континуираната потреба од надзор (епидемиолошки и вирусолошки) на национално и регионално ниво.

### Препорачани мерки за превенција и контрола

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

Вакцинацијата останува специфична превентивна мерка обезбедувајќи заштита од тешки форми на болест, иако овој заштитен ефект со тек на време се намалува. Продолжува препораката за вакцинацијата на лицата со висок ризик од тешки форми на болест и лош исход (како што се повозрасните лица).[1]

Скопје, 07.10.2024

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***

[1] https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/2024-WCP-0039%20Final.pdf